**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-5032/**

# З А П И С Н И К

**Од 165.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 30.09.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов, Гајур Рамадани, Илир Рамадани,Златко Јанковски, Косана Мазнева Николиќ Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ и Виолета Димевска-раководител на одделение за планирање и буџет во МРТ. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата состојба со Ковид кризата во државата,165.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 11:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои следниов Дневен ред и продложи да работи по истиот.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување на Интерен финансиски план на ЈРП МРТ за 2022 година.

2. Разгледување на решенија по однос на член 105 став 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Разно.

**ТОЧКА1: Разгледување на Интерен финансиски план на ЈРП МРТ за 2022 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димеска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално објаснување на целиот материјал од предлог интерниот Финансиски план на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2022 година.
Виолета објасни дека по насока на Програмскиот совет на МРТ изработена е верзија на Предлог финансиски план за 2022 година, но со мал вовед и само со xls прегледи без голем текст во word со цел да се види рамката на приходи во кои ќе се одвива тековното работење на МРТ.
Имено, во делот на приходи корекциите во однос на објавениот на ВЕБ Предлог-Финансиски план за 2022 година се следните:
-планираниот износ на приходи за финансирање на радиодифузна дејност за 2022г. е намален за 670.500.000 ден. во однос на објавениот на WEB - Предлог – Финансиски план за 2022г. т.е планиран е во ист обем како и во 2021г. и изнесува 894.000.000 ден.
-планираниот износ за маркетинг е зголемен за 35.000.000 ден. во однос на објавениот на WEB – Предлог-Финансиски план за 2022г и изнесува 75.000.000 ден. а ова е направено поради тоа што периодов се склучуваат договори за откуп на права за емитување на значајни спортски настани како Светски куп во фудбал. Лига на шампиони во фудбал и многу други. Како и нови програмски содржини и нови сезони од тековните програмски содржини како Преспав, Дајте музика и др.,па се очекува прилив од маркетинг.
Во делот на расходи многу е тешко да се прилагодиме на изворите на средства кои се планираат (999.000.000 ден.), бидејќи потребите кај сите ствaки на трошоци без исклучок се навистина реално поголеми. Направени се прилагодувања, намалени се поголем дел од планираните износи во однос на објавениот на ВЕБ Предлог–Финансиски план за 2022 година, а тоа со сигурност ќе предизвика многу откажувања од набавки на програма или јавни набаки односно потешкотии во тековното работење во 2022 година.
Навистина е тешко да се распределат малку средства на многу потреби кои се реални,на пример МРТ има законски трошоци кои мора да се планираат без оглед на тоа дали има пари или не, такви се трошоците за ЗАМП, Агенција за филм, потоа разни членарини како членка на ЕБУ,режиски трошоци, амортизација, плати и многу други. Сепак ќе се прават напори тековното работење со овие средства да се одвива колку што е можно со помалку проблеми се додека не се добие официјално известување од државните институции дека ќе се зголемат средствата за финансирање на радиодифузна дејност за 2022 година,а со тоа и МРТ да добие поголем износ на средства по овој основ.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац забележа дека има намалување на приходите и расходите во износ колку што беа во 2021 година, да се заштитиме од преголеми трошкови како што се и договоривме и тоа е во ред.
Заменик претседателот Ведат Мемедалија со забелешка дека за програмски права во делот на копродукциски проекти има огромно намалување на средствата за околу 30.000.000,00 денари, и побара за нарена седница да се добие список на проекти од групата.25 на извештајот-програмски права што веќе се предвидени за 2022 година, а за кои веќе се потпишани договори и се резервирани финансии.
Директорот Горан Атанасов објасни дека ова се должи на тоа што во ставките кои се како редовни трошоци како фиксни оперативни трошоци, плати за вработените, струја, вода,амортизација и сл.,нема можност за кратење, туку исклучиво кратење е можно само во програмските права и затоа програмата трпи во вакви случаи.

После расправата по оваа точка беше усвоен Интерниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2022 година, и беше предложен **Заклучок**:
● Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ до увојување на граѓанскиот буџет на РСМ, да се придржува до овој Интерен финансиски план на ЈРП МРТ за 2022 година,и да нема превземање обврски надвор од овој финансиски план.
-Заклучокот со 8 гласови За и 4 Воздржани беше усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА2:**Разгледување на решенија по однос на член 105 став 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**
Заменик претседателот на советот Ведат Мемедалија истакана дека по однос на оваа точка треба Директорот на МРТ со надлежните служби во МРТ да оджи состанок и да најде начин и форма за инплементирање на член 105 став 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

По расправата по оваа точка беше предложен Заклучок:
●Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ да формира Комисија за изработка на предлог документ за имплементирање на членот 105 став 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
Комисијата да се формира со претставници од сите програмски сервиси, директорот на МТВ, директорот на МРА, Одделението за правни работи, Секторот за финансии и др.
-Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА 3: **Разно.**
По однос на оваа точка не се одржа расправа.

Седницата заврши во 11:50 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател